СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на општина Новаци

Број 19/20

Излегува по потреба-17.12-2020година.Четврток-Бр.19, година XXIV
.Ж-ска 749014004563010 Депонент Народна банка на Македонија;
E-mail: Novacio@t.mk Примерок 50 денари

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за ко-финансирање на општина Новаци за Реконструкција на улица во с.Зовиќ

1. Објавувам Одлука за ко-финансирање на општина Новаци за Реконструкција на улица во с.Зовиќ**,** донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 10.12.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-763/1 ОпштинаНоваци
16.12.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002), член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10.12.2020 година, донесе

ОДЛУКА
за ко-финансирање на општина Новаци
за Реконструкција на улица во с.Зовиќ

Член 1

Со ова Одлука се регулира ко-финансирање на општина Новаци за Реконструкција на улица во с.Зовиќ

Општина Новаци ќе учествува со сопствени средства(ко-финансирање), во износ од **1.293.960,00 денари.**

Член 2

Средствата од член 1 на ова Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на општина Новаци.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци.

Бр.14-707/4 Совет на општина Новаци
10.12.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за пренамена на средствата во
Буџетот на општина Новаци за 2020 година

1. Објавувам Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на општина Новаци за 2020 година**,** донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 10.12.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-763/2
16.12.2020 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а во врска со член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ" бр. 54/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12 и 192/15), Советот на Новаци на 62-та седница, одржана на 10.12.2020 година, ја донесе следнава:

О Д Л У К А

За пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2020 година

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 14-707 15
10.12.2020 год
Новаци

Член 1

Со оваа одлука се врши пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци во делот на Дотации за 2020 година и тоа на следниот начин;

	Буџет	Самоф.	Донации	Дотации	Кредити
421240 Течни горива				-23.000,00	
				23.000,00	
402310 Основни придонеси до Агенцијата за вработување					

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,, и станува составен дел на Буџетот на општината за 2020 година.

Број
10.12.2020

Претседавач на Советот на општина Новаци
Наумче Смилевски

Република Северна Македонија · Општина Новаци · Новаци

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за усвојување на Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општината за 2021 година

1. Објавувам Одлука за усвојување на Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општината за 2021 година**,** донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 10.12.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-763/3 ОпштинаНоваци
16.12.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02) а во врска со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на општина Новаци на Седницата одржана на ден 10-12-2020 година донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општината за 2021 година

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општината за 2021 година

Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општината за 2021 година се става на јавна расправа.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општината за 2021 година, бр.14-706/3 од 03.12.2020 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

Бр.14-707/6 Совет на општина Новаци
10.12.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на средства за одбележување на Новата 2021 година, божиќните празници и богојавление-водици

1. Објавувам Одлука за одобрување на средства за одбележување на Новата 2021 година, божиќните празници и богојавление-водици**,** донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 10.12.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-763/4 ОпштинаНоваци
16.12.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002), член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10.12.2020 година, донесе

ОДЛУКА
за одобрување на средства за одбележување на
Новата 2021 година, божиќните празници и богојавление-водици

Член 1

СЕ ОДОБРУВАТ средства за одбележување на Новата 2021 година божиќните празници и богојавление-водици:

Новогодишна елка со украси,

Новогодишно украсување на општинскиот двор и центрите во населените места во општината

Календари, Стила и чакмаци,

Роковници, Новогодишни честитки

Новогодишни пакетчиња за децата до 15 години на вработените во општина Новаци и членовите на Советот

Новогодишни пакетчиња за учениците во ОУ ,,Славко Лумбарковски,, Новаци со подрачните училишта

Новогодишни пакетчиња за деца до 15 години од социјално загрозени фамилии

Новогодишни пакетчиња за деца од игротека Бамби-општина Новаци

лицата што ќе го фатат крстот за водици ќе добијат парична награда во износ од 8.000,00 денари(нето износ) за с.Новаци, а по 5.000,00 денари(нето износ) за другите села

изработка-печатење на рекламен матерјал

други печатарски услуги и друг рекламен матерјал.

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци

Член 3

Набавката ќе ја спроведе Комисијата за јавни набавки на Општина Новаци.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци.

Бр.14-707/7 Совет на општина Новаци
10.12.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлуказа давање на согласност на Годишен финансиски план за 2021 година на ООУ„Славко Лумбарковски„-Новаци

1. Објавувам Одлуказа давање на согласност на Годишен финансиски план за 2021 година на ООУ„Славко Лумбарковски„-Новаци **,** донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 10.12.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-763/5
16.12.2020 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002), член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10.12.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на согласност на Годишен финансиски план за 2021 година на ООУ„Славко Лумбарковски„-Новаци

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Годишен финансиски план за 2021 година на ООУ„Славко Лумбарковски„-Новаци ,наш бр.15-723/1 од 25.11.2020 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-707/8
10.12.2020 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлуказа доделување на еднократна парична помош на Ката Новевска с.Новаци

1. Објавувам Одлуказа доделување на еднократна парична помош на Ката Новевска с.Новаци**,** донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 10.12.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-763/6 ОпштинаНоваци
16.12.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10.12.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на Ката Новевска с.Новаци

Член 1

На Ката Новевска с.Новаци, му се доделува еднократна парична помош во износ од **20.000,00** денари-бруто износ, трошоци за лекување .

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци .

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 3

Средствата да се префрлат на име: Ката Новевска

На Трансакциона сметка:270700002652414

Депонент ХАЛК Банка АД Скопје

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-707/9 Совет на општина Новаци
10.12.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен

весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлуказа доделување на еднократна парична помош на Гоце Талевски с.Новаци

1. Објавувам Одлуказа доделување на еднократна парична помош на Гоце Талевски с.Новаци**,** донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 10.12.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-763/7 ОпштинаНоваци
16.12.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10.12.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на Гоце Талевски с.Новаци

Член 1

На Гоце Талевски с.Новаци, му се доделува еднократна парична помош во износ од **3.000,00** денари-нето износ, трошоци за лекувањена неговата мајка Петра.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци .

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 3

Средствата да се префрлат на име: Гоце Талевски

На Трансакциона сметка:270700019590942

Депонент Извозна И Кредитна Банка АД Скопје

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во (,,Службен гласник на Општина Новаци,,).

Бр.14-707/10 Совет на општина Новаци
10.12.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен

весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлуказа одобрување набавка на градежни материјали за Црковен одбор манастир Св.Петка с.Маково за потребите на манастирот Св.Архангел Михаил

1. Објавувам Одлуказа одобрување набавка на градежни материјали за Црковен одбор манастир Св.Петка с.Маково за потребите на манастирот Св.Архангел Михаил**,** донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 10.12.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-763/8 ОпштинаНоваци
16.12.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10.12.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување набавка на градежни материјали за Црковен одбор манастир Св.Петка с.Маково за потребите на манастирот Св.Архангел Михаил

Член 1

СЕ ОДОБРУВА набавка на градежни материјали во износ од **20.000,00 денари**, за Црковен одбор манастир Св.Петка с.Маково за потребите на манастирот Св.Архангел Михаил

Составен дел на Одлуката е Барањето бр.08-321/4 од 03.11.2020 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци.

Член 3

Материјали да се набават во согласност со Законот за јавни набавки.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во (,,Службен гласник на Општина Новаци,,).

Бр.14-707/11 Совет на општина Новаци
10.12.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлуказа доделување на еднократна парична помош на Деан Ристевски с.Живојно

1. Објавувам Одлуказа доделување на еднократна парична помош на Деан Ристевски с.Живојно**,** донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 10.12.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-763/9 ОпштинаНоваци
16.12.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10.12.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош на Деан Ристевски с.Живојно

Член 1

На Деан Ристевски с.Живојно, му се доделува еднократна парична помош во износ од **15.000,00** денари-бруто износ,социјална помош.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци .

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 3

Средствата да се префрлат на име: Деан Ристевски

На Трансакциона сметка:200001776982083

Депонент Стопанска Банка АД Скопје

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-707/12 Совет на општина Новаци
10.12.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлуказа одобрување на План на Програми за Развој

1. Објавувам Одлуказа одобрување на План на Програми за Развој**,** донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 10.12.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-763/10 ОпштинаНоваци
16.12.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10.12.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на План на Програми за Развој

Член 1

СЕ ОДОБРУВА План на Програми за Развој бр.14-706/2 од 25.11.2020 година.

Составен дел на Одлуката е План на Програми за Развој бр. 14-706/2 од 25.11.2020 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-707/13 Совет на општина Новаци
10.12.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлуказа доделување на еднократна парична помош
на Ристе Јумруковски од с.Гермијан

1. Објавувам11.Одлуказа доделување на еднократна парична помош на Ристе Јумруковски од с.Гермијан**,** донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 10.12.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-763/11 ОпштинаНоваци
16.12.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019),и Записник за утврдена штета бр.03-729/2 од 02.12.2020 година, Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10.12.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош
на Ристе Јумруковски од с.Гермијан

Член 1

На Ристе Јумруковски од с.Гермијан , му се доделува еднократна парична помош во износ од **40.000,00** денари-бруто износ, за надомест за направена штета од пожар.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 3

Средствата да се префрлат на име: Ристе Јумруковски,

На Трансакциона сметка:500800005018282

Депонент Стопанска банка АД Битола

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-707/14 Совет на општина Новаци
10.12.2020 год. Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош
на Димче Караколевски од с.Гермијан

1. Објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на Димче Караколевски од с.Гермијан**,** донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 10.12.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-763/12 ОпштинаНоваци
16.12.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019),и Записник за утврдена штета бр.03-732/2 од 02.12.2020 година, Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10.12.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за доделување на еднократна парична помош
на Димче Караколевски од с.Гермијан

Член 1

На Димче Караколевски од с.Гермијан , му се доделува еднократна парична помош во износ од **40.000,00** денари-бруто износ, за надомест за направена штета од пожар.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 3

Средствата да се префрлат на име: Димче Караколевски,
На Трансакциона сметка:250011000091402
Депонент ШПАРКАСЕ Банка

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-707/15 Совет на општина Новаци
10.12.2020 год. Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлуказа одобрување на финансиски средства на Ристе Момоковски од с.Градешница за подготовка и учество на ќерките-Ана, Марија и Атанасија на натпревари во карате

1. Објавувам Одлуказа одобрување на финансиски средства на Ристе Момоковски од с.Градешница за подготовка и учество на ќерките-Ана, Марија и Атанасија на натпревари во карате**,** донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 10.12.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-763/13 ОпштинаНоваци
16.12.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10.12.2020 година, донесе

О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средства на Ристе Момоковски од с.Градешница за подготовка и учество на ќерките-Ана, Марија и Атанасија на натпревари во карате

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ финансиски средства на Ристе Момоковски од с.Градешница во износ од **20.000,00 денари-бруто износ**,за подготовка и учество на ќерките-Ана, Марија и Атанасија на натпревари во карате (за котизација, членарина, превоз и др)

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци .

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 3

Сретствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатат на име Ристе Момоковски, наТрансакционасметка:500600000814991,ЕМБ:2905961410002, депонент Стопанска Банка АД Битола.

Член 3

Одлуката влегува во сила со ден на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-707/16 Совет на општина Новаци
10.12.2020 год. Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Програма за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита во општина Новаци за 2021 година

1. Објавувам Програма за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита во општина Новаци за 2021 година**,** донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 10.12.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-763/14 ОпштинаНоваци
16.12.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 10.12.2020 година, донесе

ПРОГРАМА
за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита во општина Новаци за 2021 година

Вовед

Општините се носители на социјалната заштита која се утврдува како дејност од јавен интерес која се остварува преку систем од мерки,активности,програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел:

- промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните
- спречување на социјалната исклученост
- подобрување на квалитетот на животот на граѓанинот
- зајакнување на капацитетот на граѓаните за водење на независен, активен и продуктивен живот

Владата на Р.С.Македонија донесува Национална програма за развој на социјалната заштита во која се утврдуваат целите, приоритетите и правците на развој на социјалната заштита на граѓаните и во согласност со оваа програма општината Новаци донесува Програма за потребите на нејзините граѓани од областа на социјалната заштита. Општина Новаци со своја одлука во согласност со своите матерјални можности ја утврдува својата програма за социјална заштита и овозможува поволни услови за нејзино остварување.

Според новиот Закон за социјална заштита донесен во 2019 год. се зајакнува

улогата на општините во доставата на социјални услуги, односно се предвидуваат низа обврски како во однос на планирање на активности на стратешко ниво така и во однос на имплементациа на локално ниво. Во делот на социјалните услуги се овозможува:

-обезбедување на развој на воништитуционални социјални услуги со воведување на право на самостојно живеење со подршка и основање на мали групни домови.

-продолжување на процесот на децентрализација со давање на можност општините да воведат и други права од социјалната заштита како и поврзување на локалните програми со Националната програма за развој на социјална заштита.

-постои потреба да се работи на развивање на мрежата на соц.услуги на локално ниво, преку зајакната соработка меѓу релевантните локални институции и организации како и врз основа на реална и објективна проценка на потребите на локалното население.

- во Законот за соц.заштита постојат одредби со кои е овозможено партнерство меѓу државниот и приватниот сектор.

Програмата се изготвува со цел да се развие системот на соц.заштита и социјалната превенцијаво општина Новаци.

Видови на социјални проблеми и ризици на кои се изложени граѓаните и категории на лица кои ги опфаќа оваа програма

- проблеми кои настануваат како последица од природни непогоди и епидемии: пожари,поплави,епидемии,земјотреси и сл
-проблеми кои се поврзани со девијантно однесување
- ризици по здравјето (смрт,болест, повреда)
- ризици од стареење (старост и преживување)
- ризици по мајчинство и семејство
- ризици од попреченост

Категории на лица кои бидат опфатени со ова програма кога ќе се најдат во исклучително тешка состојба се:

- лица со посебни потреби
- деца на улица (деца без родители и родителска грижа)
- деца со воспитно социјални проблеми
- деца со еднородителски семејства
- лица изложени на социјален ризик
- лица засегнати со злоупотреба на дрога и алхохол
- стари лица без семејна грижа
- лица со здравствени проблеми
- лица погодени од елементарни непогоди, пожари, погребални трошоци и друго.

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им се обезбеди социјална превенција, социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност и кога се во исклучителна тешка состојба

Визија на програмата-(приоритетни области)

- Зајакување на административните капацитети на општините преку формирање на одделенија за социјална заштита или посебни работни места, развивање на меѓуопштинската соработка преку формирање на заеднички административни тела, повремени или постојани заеднички работни тела и комисии.

- Зајакнување на соработката во реализација на социјалната заштита преку формирање на локални совети за социјална превенција, вработување и социјалнин услуги и воспоставување на механизми за нивна координација и соработка.

- Проширување на видот на договорени социјални услуги кои ќе ги вршат и други даватели на социјални услуги преку објавување на јавни повици.

- Анализа на можностите за склучување на договори за вршење на социјални услуги

на ЦСР и др. даватели на социјални услуги на локално ново.

- Спроведување анализа на просторните, техничките, кадровските капацитети на територијата на општината врз основа на кои ќе се предложат решенија за развој на социјалната заштита на општина Новаци.

- Зајакнување на социјалната превенција преку едукативно- советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на др.методи кои соодествуваат на потребите на корисниците на социјалната заштита.

- Социјални услуги за вонинституционална заштита- сместување во групен дом и самостојно живеење со подршка. Предвидување на сретства за оспособување, опремување, реновирање на објекти за таа намена. Предлог: Дневен центар и клубови за стари лица и воздрасни лица,Центар за давање на помош во домашни услови,Народни кујни

- Развивање на форми на институционална и вонинституционална заштита како дневно и привремено згрижување, помош и нега во домашни услови и сл.

.

- Потикнување на проекти засновани на мрежна локална соработка меѓу општини, здруженија на граѓани, приватни бизниси и др.субјекти.

- Промовирање на волонтерска работа во центрите за дневно и привремено згрижување преку системска и координирана соработка со соодветни образовни установи, НВО, хуманитарни и верски организации.

Цели на програмата

-Развој на социјалната заштита и социјална превенција како организирана и координирана активност на локално ниво

-Зајакнување на вонинституционалната заштита преку воведување на нови социјални услуги согласно со потребите на граѓаните.

-Создавање услови за намалување на зависноста од институционална заштита преку развивање на алтернативни форми на заштита.

-Подржување на започнатите процеси на децентрализација и деинституционализација во социјалната заштита

-Воведување на модалитетите за реализација на јавно-приватно партнерство во социјалната заштита

МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Општина Новаци, со цел обезбедување на социјалната заштита за нејзините граѓани, ќе ги спроведува следните мерки и активности:

А. Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на оддредени категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба, согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општина Новаци за 2021 година:

Б. Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население.

В. Организирање на трибини за едукација против зависности и реализација на проект за превенција од болестите на зависност.

ПОСТАПКА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

А. Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории

на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба.

